Од 25 до 26 ноември 2014 година, во Скопје, МЦМС ја организираше обуката „Поврзаноста на организираниот криминал и корупцијата“. Обуката им беше наменета на претставниците на граѓанските организации кои меѓу другото, ја мониторираат работата на јавните институции во државата. Предавачи беа др. Тодор Јаламов, Тихомир Безлов, Руслан Стефанов и др. Емил Ценков сите од Центарот за изучување на демократијата ( ЦИД ) од Бугарија.



За време на обуката, учесниците имаа можност да слушнат повеќе за искуствата поврзани со корупцијата и анти-корупцијата во Бугарија и во Југоисточна Европа; за добрите и лошите пракси; за тоа како се следи и оценува анти-корупцијата и организираниот криминал во Европа; за искуствата од Извештајот за проценка на заканата од организираниот криминал во Европа, како и од Водичот за проценка на заканата од организираниот криминал во Бугарија.

Претставниците на граѓанските организации зборуваа за нивните приоритети во однос на анти-корупцијата и доброто владеење во Македонија на краткорочно и долгорочно ниво. Се осврнаа и на тешкотиите со кои се соочуваат при мониторингот на работата на јавните институции кои пред сé се резултат на пристапот до јавни информации, особено во однос на финансирањето на политичките партии, јавните набавки итн. Тие исто така зборуваа за микро коруптивните практики и потребата за нивно искоренување како и за јакнењето на свеста на граѓаните за тоа што сé претставува коруптивно дело и како тоа се искоренува. Учесниците беа едногласни дека добрите примери се најдобар начин за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал, поддржани со силно судство и владеење на правото.

